Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 14-5913
Охрид, 21.9 2023 год.

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/218 и 178/21), член 41-а од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид, наставно- научниот совет на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика, на седница одржана на ден 21.09.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на стручен соработник – Лаборант**

1. СЕ ИЗБИРА м-р Наум Тунтев во звање стручен соработник- Лаборант од научно поле 212 Компјутерска техника и информатика, научна област 21201 Програмски јазици и технологии на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика при Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид, за време од 3 (три) години.
2. Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид распиша јавен конкурс, 04-294/1 од 11.05.2023 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија” и „Лајм”на 12.05.2023 година, за избор на стручен соработник Лаборант од од научно поле 212 Компјутерска техника и информатика, научна област 21201 Програмски јазици и технологии на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика.

На конкурсот за избор на стручен соработник Лаборант од научно поле 212 Компјутерска техника и информатика. научна област 21201 Програмски јазици и технологии се пријави кандидатот м-р Наум Тунтев.

Во согласност со член 41-а од Правилник за измена и дополнување на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори арх. бр. 01-517/1 од 05.10.2020 година деканот на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика со одлука бр. 14-41/5 од 12.06.2023 година, именува комисија во состав:

- **Вонр. проф. д-р Атанас Христов**, вонреден професор на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид - Претседател на комисија;

- **Доц. д-р Расим Салкоски**, доцент на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анаимациска техника при Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле" Охрид - Член на комисија
- **Доц. д-р Иле Димитриевски**, доцент на Факултетот за компјутерски науки и инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје - Член на комисија

Комисија достави реферат со заклучок и предлог до наставно-научен совет на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика да го избере кандидатот м-р Наум Тунтев во звање стручен соработник- Лаборант.

Рефератот беше објавен во „Билтен", 17-424/1 на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, од ден 28.07.2023 година.

Членовите на наставно- научниот совет на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика, во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори, откако ја разгледаа целокупната документација по објавениот конкурс и доставениот реферат, констатираа дека се исполнети условите за избор на стручен соработник Лаборант и одлучија да го прифатат предлогот на рецензентската комисија.

Поради горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Декан

Доц. д-р Горан Шибаковски

Доставено до: Архива
М-р Наум Тунтев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

| Примено | 24.7.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един | Бро | Прилог | Вредност |
| 04 | 386/2 | | |


# РЕФЕРАТ

**За Избор на стручен соработник - Лаборант**

(Категорија Г – друг соработнички кадар во високото образование, Ниво – Г3)

во научно поле:

**212 Компјутерска техника и информатика**

во научна област:

**21201 – Програмски јазици и технологии**

## НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА ПРИ УНИВЕРИЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“– ОХРИД, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со одлука бр. 14- 41/5 донесена од Деканот на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитетот за информатички технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид (УИНТ) одржана на 12.06.2023 година, а врз основа на конкурс објавен на ден 12.05.2023 година во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“, се формира комисија за избор на стручен соработник - **Лаборант** (Категорија Г – друг соработнички кадар во високото образование, Ниво – Г3) во научно поле: **212 Компјутерска техника и информатика** во научна област: **21201 - Програмски јазици и технологии** - 1 (еден) извршител, за време од 3 (три) години, согласно Законот за високото образование, во следниот состав:

1. **Вонр. Проф. д-р Атанас Христов**, вонреден професор на Факултетот за информатички и коминикациски науки при УИНТ, претседател;
2. **Доц. д-р Расим Салкоски**, доцент на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника при УИНТ, Охрид, член;
3. **Доц. д-р Иле Димитриевски**, доцент на Факултетот за компјутерски науки и инженерство при УИНТ, Охрид, член;

По разгледувањето на пријавите и поднесената документација, комисијата на Наставно - научниот совет на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, му го поднесува следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс во дневните весници Нова Македонија и Лајм, како и на веб страната на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид (УИНТ) за избор на стручен соработник - Лаборант, (Категорија Г – друг соработнички кадар во високото образование, Ниво – Г3) во научно поле: 212 Компјутерска техника и информатика, во научна област: 21201 - Програмски јазици и технологии на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика, согласно општите услови утврдени со Законот за високо образование и посебните услови утврдени во правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УИНТ Св. Апостол Павле – Охрид, се пријави еден кандидат и тоа:

1. М-р Наум Тунтев

## 1. М-р Наум Тунтев

Кандидатот м-р Наум Тунтев со пријавата ги приложил сите потребни документи наведени во конкурсот, како и дополнителни документи со кои ги потврдува нејзините наставно-образовни, научно-истражувачки, и стручно-апликативни активности.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, комисијата го констатира следново:

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Наум Тунтев е роден во Охрид на 7 Март 1986 година. Основното и средното образование го завршува во родниот град, по што во 2004 се запишува на додипломски студии на факултетот за електротехника и информатички технологии при Универзитетот Св. Кирил и Методиј (УКИМ) во Скопје. Во 2008 тој дипломира на смерот компјутерско системско инжинерство и автоматика со просечна оценка 8.53. Во истата година се запишува на постдипломски студии на истиот факултет, каде што во 2011 тој ги завршува студиите со просечна оценка 8.75 и магистрира со одбрана на магистерскиот труд "Нов перформансно базиран планер за движење на нехолономичен мобилен робот".

Во ноември 2011 се вработува на Универзитетот „Св. Апостол Павле" во Охрид на факултетот за машинска интелигенција и роботика.

Во последните 7 години активно се занимава со програмирање, како full stack web developer and mobile apps developer.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ангажманите во настава на Наум Тунтев се однесуваат на прв циклус студии на тригодишни и четиригодишни студиски програми на Универзитетот „Св. Апостол Павле" во Охрид, при факултетите за: Применети информатички технологии, Машинска интелигенција и Роботика; Информатички системи, Визуелизација, Дигитална Мултимедијална и Анимациска техника; Компјутерски науки и инжинерство; Комуникациски мрежи и безбедност, за следните предмети: Основи на програмирање, објектно ориентирано програмирање, интернет програмирање, развој на мобилни апликации, визуелно програмирање, теорија на управување, нумерички методи, теорија на системи.

Исто така, Наум Тунтев учествува во различни комисии на Универзитетот заради извршување на административни работи.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот м-р Наум Тунтев од самите почетоци на кариерата активно и успешно работи во наставна дејност.

Согласно конкурсот за избор на стручен соработник - Лаборант, научно поле: 212 Компјутерска техника и информатика, во научна област: 21201 Програмски јазици и технологии, кандидатот м-р Наум Тунтев покажал солидни резултати и воедно е соодветен кандидат за наведената позиција.

Врз основа на таквиот заклучок, комисија му предлага на Наставно - научниот совет на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле", да го избере м-р Наум Тунтев во звање **Лаборант** на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика.

**КОМИСИЈА**

**Вонр. Проф. д-р Атанас Христов,**
вонреден професор на Факултетот
за информатички и коминикациски
науки при УИНТ, **претседател;**

**Доц. д-р Расим Салкоски**, доцент на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника при УИНТ, Охрид, **член;**

**Доц. д-р Иле Димитриевски**, Доцент на Факултетот за компјутерски науки и инженерство при УИНТ, Охрид, **член;**

Охрид, 24.07.2023 година.